Х. Е. Р. А.
асоцијација за здравствена едукација и истражување

адреса Дебарца 56
2 кат стан 4
1000 Скопје

тел. 02/3290 395
факс 02/2556 002
email hera@hera.org.mk
web hera.org.mk

# Повик за понуди: Консултант за проценка на потребите и истражување на пазарот на трудот за воспоставување на потенцијални социјални претпријатија за вработување на жените Ромки

**ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување објавува конкурс за ангажирање на локален консултант за изготвување на: Проценка на потребите и истражување на пазарот на трудот за воспоставување на потенцијални социјални претпријатија за вработување на жените Ромки.**

**Ангажманот е во рамките на проектот „Зајакнување на Ромките преку основање на социјално претпријатие“, поддржан од Европска Унија во рамки на Оперативната програма за развој на човечки ресурси 2007-2013 „Социјална инклузија и вработување на локално ниво“ од Инструментот за пред-пристапна помош, објавува конкурс за ангажирање на локален консултант.**

**Профил и квалификации**

Бараме лице чија главна одговорност ќе биде изготвување на Проценка на потребите и истражување во кои економски сектори може да се креираат потенцијални социјални претпријатија за вработување на жените Ромки. Лицето треба да има познавање и вештини во изготвување сеопфатна економска анализа во кои сектори би можеле да се формираат социјални прептријатија и проценка на потенцијалниот пазар на труд во Скопје и државата за вработување на ранливи категории на лица. Целта е да се утврди во кои индустриски гранки и сектори може да се развијат одржливи концепти за социјално претприемништво кои ќе придонесот до соодветна профитабилност на едно социјално претпријатие и подобноста и потенцијалот на граѓанските здруженија да отворат социјални претпријатија. Тој/таа потребно е да поседува искуство во социјално претприемништво и изготвување трудови од **најмалку три години**.

Кандидатите треба да ги исполнуваат и следниве основни квалификации:

- Универзитетска диплома по социјална економија, бизнис администрација, јавна администрација или сродна област, општествени науки;
- Способности за развивање методологија за истражување;
- Презентерски, преговарачки и комуникациски вештини;
- Вештини во пишување на истражувања и еконосмки анализи;
- Социјално претприемничко размислување и етика на работа;

- Способности за планирање и организација;
- Течно говорење на македонскиот и англискиот јазик;
- Насоченост кон навремено исполнување на зададените задачи;
- Државјанство на Република Македонија

**Предност ќе имаат кандидати со:**

– Познавањето на француски јазик ќе се смета за предност,
– Искуство во работа со/во невладин сектор

**Ангажираното лице ќе биде одговорна/ен за:**

- Воспоставување на методологија за изготвување економска анализа во кои потенцијални сектори би се развивале социјални прептријатија и проценка на потребите на пазарот на трудот со цел вклучување жени Ромки;
- Преглед на документи и собирање информации со цел да се проценат можностите особено во делот за развој на социјални претпријатија со можност за вработување на жени Ромки;
- Развивање објективна економска анализа за проценка на потенцијалните пазари во Скопје;
- Процена на изводливост – човекови ресурси, процена на приходи/расходи, одржливост, оправданост на цена и трошоци;
- Пресметка на реални финансиски средства или пристап до потребните ресурси за создавање на социјално претпријатие за вработување на жените Ромки;
- Да обезбеди информации во врска со дефинирањето на тимот за социјално претпријатие, да дефинира и/или редефинира бизнис идеја / концепт;
- Да постави цели за истражување на пазарот на трудот;
- Да дефинира клиенти и пазар, конкуренција, бизнис модел и оперативна структура, однесување, одржливост и профитабилноста, да се оцени капацитет на организација, проценка на ризици и можности;
- Воспоставување соработка со странски консултанти ангажирани за проектот;
- Користење на јавни извори од локалните власти;
- Изработка на Проценка на потребите и истражување на пазарот на трудот за воспоставување на потенцијални социјални претпријатија за вработување на жените Ромки, на македонски јазик, не подолг од 20-30 страници.

Ангажманот предвидува потпишување договор за консултантските услуги со покриен персонален данок на доход. **Обврските ќе се спроведуваат во и вон канцелариите на ХЕРА. Консултантскиот ангажман е во времетраење од 8 консултантски дена.**

**Најдоцна до 20ти февруари 2017г година (понеделник, крај на денот)** заинтересираните кандидати треба да достават:

- детална биографија;
- предлог на акционен план за истражувањето, во кое ќе се осврнат на пристапот што би го презеле како методолог и главен истражувач во овој вид на истражување;
- предлог за временска рамка за спроведување на истражувањето (методологија, акционен план, теренска работа, обработка на податоци, нацрт-извештај и финален извештај), која нема да го надминува крајниот рок за поднесување на конечниот извештај (03.04.2017);
- предлог буџет (без ДДВ)

**На повикот може да се пријават физички или правни лица. Предвид ќе бидат земени само оние пријави кои ги исполнуваат условите и кои ќе испратат комплетна документација.**

Сите кандидати ќе бидат известени за резултатите од Конкурсот, по електронски пат, во рок од 5 дена по затворање на конкурсот.

Документите со назнака/предмет на пораката **конкурс за локален консултант за изготвување на Проценка на потребите и истражување на пазарот на трудот за воспоставување на потенцијални социјални претпријатија за вработување на жените Ромки** можете да ги доставите на следниов начин:

**По електронска пошта:** konkurs@hera.org.mk
**По пошта:** Х.Е.Р.А. ул. Дебарца 56/1-4, Скопје, со назнака (**Конкурс за локален консултант за изготвување на Проценка на потребите и истражување на пазарот на трудот за воспоставување на потенцијални социјални претпријатија за вработување на жените Ромки**)